РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ
Бр. 1806 – 17
4.11.2026 год.

Согласно член 42 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет - Скопје, Факултетското студентско собрание објавува:

КОНКУРС
за избор на заменик студентски правобранител на студентите од Архитектонскиот факултет во Скопје

КРИТЕРИУМИ:

Право на аплицирање имаат сите студенти на Архитектонскиот факултет - Скопје кои имаат запишано минимум три семестри, односно сите студенти кои имаат запишано втора година на додипломски студии по архитектура.

Конкурсот е отворен за студентите од додипломски и постдипломски студии по архитектура.

Мандатот на заменик студентскиот правобранител е во траење од две години без можност за повторен избор и истиот започнува од денот на неговиот избор.

Согласно Статутот на Факултетското студентско собрание, заменик студентскиот правобранител го одбираат членовите на Собранието на тајно гласање врз основа на овој конкурс и за избран ќе се смета оној кандидат кој добил мнозинство од гласовите.

ДОЛЖНОСТИ:

Заменик студентскиот правобранител ќе има за задача да ги брани и застапува правата на студентите од Архитектонскиот факултет пред Факултетот и пред Универзитетот, како и обврска на крајот од секоја година да поднесе извештај за сработеното пред Факултетското студентско собрание и пред Наставно-научниот совет на Факултетот.

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:

За аплицирање на овој конкурс потребни се следните документи:

- Пријава (пријава за аплицирање за заменик студентски правобранител);
- Потврда за редовен студент не постара од една година;
- Мотивационо писмо во кое накратко би напишале која е причината за вашето пријавување и кои се вашите планови за позицијата;
- Кратка биографија.

НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ:

Сите заинтересирани кандидати да ги достават потребните документи до Архивата на факултетот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој конкурс.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид и истите нема да се разгледуваат.

Резултатите од изборот на заменик студентски правобранител ќе бидат објавени на интернет страната на Факултетот, во рок од 10 дена од завршувањето на конкурсот.

Факултетско студентско собрание на
Архитектонски Факултет - Скопје

М.П.